II ПОСЕТА НА АМБУЛАНТА

Посета на амбуланта се однесува на посета на амбулантата на кандидатот или амбулантата на неговиот ментор. Посетата ја врши записничарот на испитот, член на испитната комисија или некој друг кој е одреден од претседателот на испитната комисија. Посетата на амбулантата е однапред најавена и се случува во работно време на амбулантата. За посетата на оценувачот кандидатот и/или менторот добро е да ги информираат пациентите и да им објаснат дека оценувачот ќе биде присутен за време на консултацијата. Посетата на амбулантата ги содржи следните делови:

1. ПОСЕТА НА АМБУЛАНТАТА И ЧЕКАЛНИЦАТА

Се евалуира:
- Санитарната опременост
- Хигиена
- Снабденост со пишани текстови наменети за пациентите (на пр. диета, упатстава за вежбање...)
- Опременост и вештина за користење на опремата
    1. опрема за секојдневна употреба во амбулантата
    2. опрема за ургентни состојби
    3. опрема во докторската торба

2. ПРЕГЛЕД НА КАРТОТЕКА (картони и/или електронска форма)

2.1. Оценувачот кој е во посета на амбулантата по случаен избор прегледува 10 картони. Оценката на картоните се базира на следните критериуми:
- Уредност и прегледност на картоните
- Нотирање на поединечните консултации
- Читливост на записите
- Стручност на записите во картоните
- Структурираност на информациите во картонот (листа на проблеми, стална терапија, направени иследувања, издадени упати, боледувања,...)
- Нотирање на ризик факторите – пушење, алкохол, гликемија, холестерол, BMI, крвен притисок, физичка неактивност
- Останати податоци од интерес: работа, работно место, социјален статус, податоци за вакцинација, сигнификантни здравствени проблеми во семејството и др.

2.2. Членот на испитната комисија прегледува 5 картони по случаен избор на болни избрани од регистерот на хронично болни пациенти кои ги води кандидатот и ја оценува соодветноста на водењето на пациентите

3. РАБОТА СО ПАЦИЕНТИ

Членот на комисијата присуствува на 5 консултации со пациенти кои кандидатот може однапред да ги договори и да добие дозвола од пациентите. Постои можност овие консултации пациентот да ги сними на видео и материјалот да го достави до Катедрата по семејна медицина.